

Зоран Заев преку неговиот коалиционен партнер, Љубчо Георгиевски го соопшти неговиот практично мастер план за идентитетско обезличување во кој Македонија и граѓаните треба да откажат од историјата, јазикот и постоењето на континуитет на македонската нација, изјави портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ, Димче Арсовски, одговарајќи на новинарско прашање за акцискиот план кој што јавно вчера го истакна поранешниот премиер Љубчо Георгиевски.

Арсовски истакна дека ВМРО-ДПМНЕ го осудува овој мастер план за идентитетско обезличување, кој Заев се обидува да го спроведе.

- За ВМРО-ДПМНЕ е неприфатливо да се согласи владата дека македонскиот јазик бил всушност бил бугарски, дека тој бил јазикот на коресподенција на македонските револуционери.

Неприфатливо е да се согласиме според тезата на Заев, пуштена преку Љубчо Георгиевски дека македонска нација е новосоздадена, рече Арсовски.

Тој потенцираше дека ова се опасни тези кои нанесуваат штета на националните и државни интереси и срамно е што не чувме никаква осуда од страна на Зоран Заев, на владата и на сите останати од СДСМ на овие изнесени тези.

- Штом молчат значи ги одобруваат и тие ги поттикнуваа. Ги повикуваме Заев и владата да се оградат од ова, доколку за нив ова не е прифатливо, во спротивно доколку не го сторат тоа ќе сметаме дека сето ова е дел од мастер план за идентитетско обезличување.

Арсовски нагласи дека ова е предавничка политика на  Зоран Заев и сите приврзоци околу него која ја спроведуваат во континуитет изминативе години

- Најпредавничката политика која може воопшто да се сервира на македонскиот народ.

На ваквите политичари не само што им доаѓа крајот, туку одат во историја и таму им е местото. Нивното мислење не треба да се зема сериозно од едноставна причина затоа што тие промовираат единствено предавничка политика, потенцира Арсовски.

**ВМРО-ДПМНЕ**